Отворен повик - Креативни иновативни лабаратории 2027 (CREA-CROSS-2027-INNOVLAB)

Програмата „Креативна Европа“ обезбедува поддршка за проекти што поттикнуваат иновации и соработка меѓу аудиовизуелниот сектор и најмалку уште еден од следните сектори: музика, книги или музеи. Индикативниот буџет наменет за овој повик изнесува повеќе од 7 милиони евра.

Цели на повикот:

Повикот „Creative Innovation Lab 2027“ има за цел да го поттикне развојот на иновативни алатки, модели и решенија што ќе ја зајакнат конкурентноста, циркулацијата на европските содржини и зелената транзиција на културните и креативните индустрии. Односно, повикот има за цел да ја поттикне соработката меѓу аудиовизуелниот сектор и другите опфатени сектори, преку промовирање решенија што одговараат на предизвиците на дигиталната трансформација и ги искористуваат можностите што ги нуди вештачката интелигенција. Меѓу целите се и зголемување на видливоста, откриливоста, достапноста и разновидноста на европските содржини, проширување на публиката и унапредување на моделите за производство, финансирање и дистрибуција.

Во рамките на оваа иницијатива, аудиовизуелниот сектор ги опфаќа долгометражните филмови, анимацијата и креативните документарни филмови првенствено наменети за кино-прикажување; играни, анимирани и креативни документарни содржини наменети за телевизија или дигитални платформи; интерактивни и нелинеарни наративни проекти, вклучително и искуства со виртуелна реалност; како и наративни видеоигри. Кај видеоигрите, приказната треба да се развива во текот на целата игра или импресивно искуство, а не само во воведот или на крајот.

Проектите треба да се фокусираат на една или повеќе од следните приоритетни области:

- Виртуелни светови како нови простори за промоција на европските содржини и развој на публиката.

- Иновативни деловни алатки за производство, финансирање, дистрибуција и промоција на содржини.

- Развој на поодржливи практики од аспект на животната средина.

Во областа на деловните алатки, особено се релевантни технолошките решенија засновани на вештачка интелигенција, големи бази на податоци (Big Data), блокчејн-технологии, виртуелни светови и незаменливи токени (NFT). Можните примени вклучуваат нови модели за управување со авторските права и нивна монетизација, понуди за претплата што го олеснуваат пристапот до европски културни содржини од различни платформи, системи за собирање и анализа на податоци, како и алатки за предвидување што го поддржуваат создавањето содржини и развојот на публиката.

Предлог-проектите треба да обезбедат транспарентност и правичен надомест за авторите и уметниците. Тие можат да придонесат и за подобрување на услугите што им се нудат на претплатниците, како и за зголемување на вредноста на европските содржини достапни на онлајн-платформите.

Зелената транзиција е уште еден приоритет на повикот. Поддршката е наменета за практики што го намалуваат влијанието на аудиовизуелните и културните активности врз животната средина, во согласност со целите на Европскиот зелен договор (European Green Deal) и иницијативата „Нов европски Баухаус“ (New European Bauhaus). Апликациите треба да содржат и соодветни стратегии за унапредување на родовата еднаквост, инклузијата, разновидноста и застапеноста.

Соработката меѓу секторите е суштински елемент на повикот. Предлог-проектите треба јасно да покажат како ќе се спроведува меѓусекторскиот пристап, кои услови се неопходни за неговата реализација и какви придобивки се очекуваат за вклучените сектори.

Кој може да аплицира?

Можат да учествуваат јавни и приватни субјекти, технолошки компании, стартап-компании и организации од аудиовизуелниот, културниот и креативниот сектор. Се поттикнува и учеството на бизнис-инкубатори и акцелератори, со цел да се создадат услови за развој и зацврстување на иновативните идеи.

Стапка на кофинансирање на ЕУ:

При оценувањето ќе се земе предвид и способноста на апликантите да привлечат приватни инвестиции и да мобилизираат сопствени средства. Ќе се оценува и соодветноста и оправданоста на побараното финансирање од јавни средства на Европската Унија, при што предност ќе имаат предлог-проектите што бараат понизок процент на кофинансирање од максимално дозволените 80%.

Следните активности и содржини не се квалификувани за финансирање: мултимедијални уметнички проекти и инсталации; импресивни посети и настани, музички видеа и импресивни искуства наменети за малопродажба; промотивни или рекламни содржини поврзани со туристички дестинации, производи, брендови или организации; референтни публикации, прирачници и електронски книги, вклучително и интерактивни формати; како и проекти фокусирани на снимки од настапи во живо, телевизиски натпревари, ток-шоуа, кулинарски емисии, списанија, вести, програми за медиумска писменост, реални шоуа, образовни содржини и слични формати.

Исклучени се и документарни филмови чија цел е промоција на туризмот, содржини зад сцената, репортажи за животни, информативни емисии и формати од типот „docu-soap“, како и проекти што содржат порнографски или расистички материјали или промовираат насилство. Платформите за онлајн-учење исто така не се подобни за финансирање.

Трошоците поврзани со производството или развојот на содржини, како и со организацијата на културни настани, не се прифатливи во рамките на овој повик. Сепак, дозволено е доделување финансиска поддршка на трети страни во форма на грантови, согласно условите утврдени во повикот.

Повикот „Creative Innovation Lab 2027“ претставува можност за развој на заеднички решенија во различни културни и креативни области, искористување на потенцијалот на новите технологии и промовирање поконкурентни, поинклузивни и поодржливи деловни модели.

Рок и начин на аплицирање

Крајниот рок за поднесување на апликациите **е 22 април 2027 година, до 17:00 часот по средноевропско време.**

Апликациите се поднесуваат исклучиво електронски преку порталот на Европската комисија за финансирање и тендери (EU Funding & Tenders Portal). Апликациите во хартиена форма не се прифаќаат.

Корисни линкови за повикот:

Официјален документ на повикот: https://ec.europa.eu/info/funding-tenders/opportunities/docs/2021-2027/crea/wp-call/2027/call-fiche_crea-cross-2027-innovlab_en.pdf

Официјална веб страница на повикот и електронско аплицирање: https://ec.europa.eu/info/funding-tenders/opportunities/portal/screen/opportunities/topic-details/CREA-CROSS-2027-INNOVLAB?keywords=Innovation%20Lab&isExactMatch=true&status=31094501,31094502,31094503&order=DESC&pageNumber=1&pageSize=50&sortBy=startDate

Заинтересираните организации се охрабруваат внимателно да ја разгледаат целосната документација, да ги проверат условите за подобност и навреме да воспостават партнерства со организации од други земји учеснички во програмата.

Повикот претставува можност за развој на одржливи европски партнерства и иновативни решенија што ќе им помогнат на граѓаните да се информираат критички, одговорно и безбедно во дигиталната средина.

Информативна сесија:

Он лаијн информативната сесија за Повикот „Creative Innovation Lab 2027“ во организацијата Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA) **ќе се одржи на 14 јануари 2027 година од 10-12 часот по средноевропско време.**

За учество не е потребна претходна регистрација. Деталите се достапни на официјалната страница на Европската комисија на: https://www.eacea.ec.europa.eu/news-events/events/online-info-sessions-creative-europe-media-and-cross-sectoral-2027-2026-10-12_en